**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-185/11**

**Скопје, 21.05.2007 година**

**АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за развој и инвестиции - Сметка за приходи од самофинансирачки активности, за 2006 година, кои се прикажани на страната 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Агенцијата за развој и инвестиции за 2003 година и ревизијата изразила негативно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

    - Реџеп Беџети, Директор од 23.03.2004-29.08.2006 година.
    - Миљазим Аземи , Заменик директор од 10.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03-24.04.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилности во искажувањето на билансните позиции:**

10.1.1. Во 2006 година кај Агенцијата за развој и инвестиции - не се евидентирани деловни трансакции и прикажаните состојби се идентични со оние од 2005 година. Ревизијата не е убедена во реалноста и објективноста на податоците искажани во Билансот на состојба за 2006 година бидејќи спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници не е извршен попис на побарувањата и обврските на Сметката за приходи од самофинансирачки активности, заради што не можевме да ја потврдиме усогласеноста на сметководствената евиденција со фактичката состојба. Користејќи алтернативни постапки за потврдување на состојбите, ревизијата утврди разлика во главната книга помеѓу крајната состојба за 2003 година и почетната состојба за 2004 год што се рефлектира на состојбите во годината предмет на ревизија. Бруто билансот за 2003 година добиен од електронската база на податоци во текот на оваа ревизија не е идентичен со рекласифицираниот Биланс на состојба утврден при извршената ревизија на Агенцијата за 2003 година. За ваквата состојба освен кадровската неекипираност на службата за сметководство која ја водело лице ангажирано по договор за дело со испомош од надворешно лице придонело и несоодветното (рачно) внесување на почетните состојби како крајни состојби од претходната годината.

**Препораки и мерки**

1. Одговорните лица во сметководството да постапат согласно препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2003 година што се однесуваат на пренесување на позициите од Билансот на состојба од оваа сметка на сметката за приходи од кредити.

11. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 10.1.1. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Агенцијата за развој и инвестиции - Сметка за приходи од самофинансирачки активности на ден 31 Декември 2006 година.

12. Според наше мислење, поради нереализирани финансиски трансакции во 2006 година на Сметката за приходи од самофинансирачки активности ние не изразуваме мислење за законско и наменско користење на средствата.

13. **Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2003 година.**

13.1. Агенцијата за развој и инвестиции постапила по препораките дадени во извештајот за извршената ревизија за 2003 година, а кои се однесуваат на тоа да од Сметката за приходи од самофинансирачки активности не се вршат исплати на кредити ниту наплата на средства по договори за кредити како и уплата на обврската за ДДВ кои треба да се вршат од соодветната сметка за приходи од кредити.

13.2. За наодот утврдени во точката од 10.1.1 од овој Извештај кои се констатирани и во ревизорскиот извештај за 2003 година не се превземени мерки од страна на субјектот

**Скопје, 17.05.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | | **2006** | | **2005** |
| **Актива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Побарувања | | 22 | | 22 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 3.032 | | 3.032 |
| Краткорочни финансиски побарувања | | 6.378 | | 6.378 |
| Побарувања од државата и други институции | | 739 | | 739 |
| Активни временски разграничувања | | 12.397 | | 12.397 |
| **Вкупно тековни средства** | | **22.568** | | **22.568** |
| | | | | |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | | 804 | | 804 |
| | | | | |
| **Вкупна актива** | | **23.372** | | **23.372** |
| | | | | |
| **Пасива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | | 13.135 | | 13.135 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 37 | | 37 |
| Пасивни временски разграничувања | | 9.432 | | 9.432 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **22.604** | | **22.604** |
| | | | | |
| **Долгорочни обврски** | | **768** | | **768** |
| | | | | |
| | | | | |
| **Вкупна пасива** | | **23.372** | | **23.372** |